Обработувајќи го Гоце Делчев од сите можни аспекти, Хр. Андонов — Полјански не пропуштил да го забележи и автентичниот одраз на делото на Делчев во македонското народно и уметничко творештво. Во овој монографски приказ на дејноста на овој заслужен македонски син и трибун среќаваме неколку народни песни како и определен број уметнички остварувања од македонски поети. Гоце Делчев го привлекува вниманието и на голем број прозаисти, ликовни уметници, музичари, претставувајќи неисцрпен врутоk за идни остварувања.

Ова мошне луксузно издание чијшто текст неизменично е проследен со фотографии од животот на овој великан, потоа фотографии од членови на неговото семејство, видни македонски револуционери и дејци, местата каде што Гоце се школувал и учителствувал, разни револуционерни чети, уметнички портрети, свечени академии посветени на неговиот живот и дело, насловни страници на книги, статии во весниците и списанијата што излегувале во земјата и во странство, имиња на улици, институции и сл., доволно даваат за право да заклучиме дека оваа фотомонографија може да го задоволи вкусот и на пошироката читателска публика. И кога на ова ќе го додадеме и фактот дека поголемиот дел од фотографиите се нови (бидејќи дел од нив се објавени во шесттомното издание за Гоце Делчев од истиот автор), јасноста и елоквентноста на авторовиот стил, ползувањето на мошне богатите архивски материјали, спомени, печат и др., ова фотомонографско издание претставува значаен придонес за развојот на македонската историска наука.

Благој СТОИЧОВСКИ

## Христо АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ, **ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ И МЕЃУНАРОДНАТА ЈАВНОСТ**, Мисла, Скопје (1985), 1—593

Во почетокот на 1985 година, во издание на реномираната издавачка куќа „Мисла“ од Скопје, излезе од печат историографската студија „Илинденското востание и меѓународната јавност“ од д-р Христо Андонов—Полјански, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје. Всушност, овој монографски труд е јубилејно издание посветено на 80-годишнината од славното македонското Илинденско востание.

Професорот д-р Христо Андонов—Полјански е еден од најеминентните, најугледните и најпродуктивните македонски историчари, добитник на наградата АВНОЈ за 1983 година и автор на околу 500 библиографски единици (монографии, студии, статии, прилози, критики, осврти, библиографии и сл.), од кои 37 се објавени во посебни книги. Неговата најнова монографска студија, за која што станува збор, е посветена на знаменитата за маке-

донскиот народ илинденска голгота, на овој ѕвезден револуционерен чин којшто исполнува една од најсветлите и најславните страници на македонското национално-ослободително движење. Тоа е период на првиот македонски Илинден, како што ќе забележи Полјански во уводниот дел, којшто ќе го навести вториот Илинден, во новата достоинствена епоха.

Оваа монографија е прва и единствена од ваков вид во којашто за прв пат и на едно место е обработен одгласот и одразот на Илинденското востание сред балканската, европската и светската јавност. Авторот, покрај анализата, проследувањето и коментирањето на комплексниот период на востанието, на многу суптилен начин го презентира интересот на меѓународната јавност за борбата на македонскиот народ за своја сопствена национална и социјална слобода, како и поддршката што ја имал од неа, да истрае по тој долг и маченички ôд по макиите. Ослободителната борба на Македонците е дочекана со изрази на симпатии, поддршка и солидарност. Таа придонесе да се организираат сред јавноста промакедонски акции и манифестации во полза на македонското дело. Оваа дејност на меѓународната јавност во времето на Илинден од 1903 и по него, одигра мошне значајна улога за афирмација на македонското прашање во интернационални размери. Со оглед на фактот што овој аспект на Илинденското востание во Македонија досега е мошне малку, делумно или маргинално обработуван, овој аналитички и мошне сериозен труд ќе пополни една голема празнина којашто од поодамна се чувствува во нашата историографија.

Од композициска гледна точка, по кусиот предговор, авторот извршил тематска распределба на најзначајните аспекти од историјата на Илинденското востание на две функционални целини.

Во првиот дел е даден преглед на текот на Илинденското востание, востанието и државноправниот феномен на Македонија, дипломатијата и востанието, одгласот на востанието, аспектите во афирмацијата на востанието и неговото историско значење. Во овој дел авторот посебно се задржува на Европа и Илинденското востание, ситуацијата во Македонија и Мирцтешките реформи, англиските дипломатски извештаи за текот на Илинденското востание во Битолскиот револуционерен округ, како и на еден проект за автономија на Македонија од 1903 година. Осврнувајќи се на ехото на востанието, авторот посебен акцент му дава на Илинденското востание и неговиот одглас во меѓународната јавност, одекот на востанието во Америка и Европа, одразот на Илинден сред југословенската јавност, Илинденското востание и британската работничка класа и за односот на Црна Гора спрема настаните во Македонија во 1903 година. Во подглавата „Аспекти на афирмацијата на востанието“ е отсликан одразот на македонската илинденска борба во странската уметничка поезија, поетските одгласи за македонската илинденска борба во странската уметничка поезија, поетските одгласи за македонската илинденска борба низ за-

писите на Терезина Јенкова, Илинденското востание и студентската младина, патописните белешки на Р. Вион за македонските востаници, а поместен е и еден разговор за Македонија (Од словенечката публицистика — 1904 година), како и едно „Поглавје од историјата на македонската раја" (Македонски работници во Словенија по Илинденското востание).

Вториот дел од ова репрезентативно издание ги содржи резултатите од поновите истражувања што ги извршил авторот во нашите и странските архиви и библиотеки. Всушност, овој дел е поделен на пет глави и повеќе подглави.

Во првата глава „Избор од документацијата" се презентирани најважните селектирани документи и акти за историјата на востанието и за односот на меѓународната јавност кон него, со прилози како повици, прогласи, декларации, писма, соопштенија, Манифестот на Крушевската република од 3 август 1903 година и сл., коишто аргументирано ја опишуваат ситуацијата во Македонија во тоа време. Во сведоштвата за меѓународните аспекти се дадени неколку мисионерски извештаи за востанието, Мирцстешката реформна програма, Сведоштвото на Задграничното претставништво на Внатрешната организација за учеството на Роман Танешко во востанието, 27 октомври 1903 година, Мисијата на „Македонскиот помошен комитет", 26 март 1904 година и др.

Во втората глава „Акции на јавноста и резолуции од митинзите" се публикувани вкупно 32 акции, резолуции, петиции и протести во кои се истакнува развиената промакедонска активност и афирмативните вредности на македонското илинденско револуционерно дело. Во целост се објавени одбрани автентични документи, резолуции, протести и слично, во превод на македонски јазик, што даваат јасна и прегледна слика за големиот одглас на Илинденската револуција надвор од оваа балканска ветрометина, каде што од секогаш се вкрстосувале интересите на Турција, соседните балкански држави и на големите сили.

Во третата глава „Од странскиот печат" се поместени вкупно 30 написи што биле публикувани во тоа време во повеќе југословенски весници и списанија, и тоа: „Београдске новине", „Трибина" од Чикаго, „Виенски весник", „Хрватско право", „Нови Србобран", загрепски „Обзор", „Газета" од Венеција, Глас Црногорца", љубљански „Словенски народ", „Радничке новине", новосадска „Застава", „Тајмс", „Црвена Хрватска", стокхолмски „Дагенз Михетер", Социјалистичкиот „Аванти", лондонскиот „Спектејтор", Лејбр Лидр", трстјанската „Единост", њујоршкиот „Ирвинг Пост" и др. Кореспондентите на овие гласила главно ја опишувале востаничката активност во Македонија, односот на македонските востаници кон турската и албанската народност во Македонија, промакедонските митинзи одржувани во Белград, Крагуевац, Париз, Лондон и др. места, одржувани во полза на македонското дело, за собирањето помош за сиромашните во Македонија, за разгорот на востанието во Крушево и Клисура, за Македонците

и Ерменците, за нерешеното македонско прашање и сл.

Четвртата глава „Од народно то и од уметничкото творештво“ е поделена на две подглави. Во првата подглава се објавени 13 народни песни кои за инспирација го имале големиот илинденски чин и светилник, во кои се воспева нескршливиот дух и непокор на овој мал народ на ова мало парче земја и неговата непоколеблива желба за национална слобода и независност. Во втората подглава „Од уметничкото творештво, 1903—1904 година“ публикувани се уметничките творби на следниве автори: Пеју К. Јаворов, „Македонска песна“ и „Бегалци“, Никола Киров Мајски, „Илинден“ и „Питу Гули“, Нашко Лози, Од „писокот на Крушевчани“, 1903, Вешчиј Олег, „Македонски солзи“, Миле Јовичиќ, „На Македонија“, Монтагју Ломакс, „Македонија, 1903“, Џон Оксенхам, „Македонија“, Јарослав М. Петербок, „Молба на Македонците“, Наум К. Тахов, „Македонска солза — Што ми е мило и драго“ и Антон Ашкерц, „Македонски востаник“ и „На Македонската земја“. Во сите овие тринаесет песни творците ја опеале несносната положба на македонскиот народ под стегите на турскиот зулум во времето кога турската тиранија се стремела да ги скрши тенките ластари на веќе осознаеното македонско национално битие.

Во петтата глава „Хронологија“ е даден осврт на хронологијата на настаните од 1903 до 1906 година, за секој месец и година поединечно, што овозможува хронолошки и за кусо време да се проследат сите позначајни настани, дејци и збиднувања во посочениот период.

Во многу богатата, обемна и исцрпна библиографија, во изворите се наведени необјавените архивски материјали до кои авторот дошол истражувајќи во странските и домашните архиви и библиотеки, необјавени и објавени дипломатски документи и други изворни материјали, спомени, патописи, сведоштва на современици, печатот, библиографиите, а литературата која е мошне обемна се наведени историите на Илинденското востание и на македонското националноослободително движење, студии и прилози за особеностите на Илинденското востание, студии и прилози за дипломатските аспекти на Илинденското востание и за историјата на македонското прашање и студии и прилози за меѓународните аспекти на Илинденската епопеја.

Истражувачите и трудбениците на ова поле, не можат а да не го забележат фактот што Христо Андонов—Полјански, како ретко кој друг кај нас, наведува обемна граѓа од домашно и од странско потекло и со својата филигранска прецизност успеал да регистрира и консултира речиси сè што е објавено за овој настан во нашата историографска, книжевна и уметничка продукција. Таа димензија на ова дело му дава за право да се нареди во публикациите од трајна вредност што претставува највисоко научно остварување и дострел, не само во нашата историска наука, туку и во научната мисла воопшто.

Потоа доаѓаат коментарите, скратениците, индексот и илустра-

циите коишто ги има вкупно 76. Овде за прв пат се објавуваат и повеќе илустрации од домашно и странско потекло, и тоа: извештаи, повици, насловни страници на весници и списанија, резолуции од митинзи, повици за митинзи, факсимили од песни посветени на Илинден во оригинал, борци од илинденската епопеја, а дадени се и фотоси од Прохор Пчински — Вториот македонски Илинден, симболот на слободата, споменикот „Македониум" во Крушево и др.

Од материјалите и изворите со кои се служел авторот при изготвувањето на овој вредносен труд за нашето историско минато, како и неговите лични поставки до кои дошол во своите долгогодишни истражувања во оваа област во странство и во земјата, критичкиот однос, како и апликацијата на новите факти, овозможуваат да заклучиме дека споменатата студија на проф. д-р Христо Андонов—Полјански претставува оригинален научен труд и стојносен прилог за историографијата и за современата научна мисла во целина. Богатиот, сочен и содржаен стил како и елоквентноста во опишувањето на проблематиката за која станува збор, со оригиналните и самостојни заклучоци, раритетната аналитичност во експликацијата на огромниот број сознанија и факти, и интердисциплинарниот пристап во обработувањето на овој најзначаен миг од поновата македонска историја, афирмативно ја наметнуваат констатацијата дека пред нас се наоѓа еден капитален труд со високи стојносни вредности кој безрезервно ќе го сврти вниманието не само на научните, културните и јавните работници, туку и на пошироката читателска публика. Впрочем, печатот, радиото и телевизијата посветувајќи ѝ широк публицитет и оддавајќи ѝ го достојното внимание и признателност на монографијата веднаш по нејзиното излегување од печат го потврдуваат значењето и интересот што го предизвика овој труд сред целата наша јавност.

И на крајот, мошне успешното ликовно обликување на оваа публикација во тврд повез, вкусно одбраната боја и букви, добриот распоред на материјалот, со прописните белини и квалитетната хартија, уште еднаш ги потврдуваат квалитетите на скопското книгоиздателство „Мисла".

Благој СТОИЧОВСКИ

Ристо КАНТАРЏИЕВ, **МАКЕДОНСКОТО ПРЕРОДБЕНСКО УЧИЛИШТЕ**, НИО „Студентски збор", Скопје 1985 година

Неодамна во издание на издавачката куќа „Студентски збор" се појави второто, дополнето издание на книгата, „МАКЕДОНСКОТО ПРЕРОДБЕНСКО УЧИЛИШТЕ" од нашиот познат научен работник во областа на историјата на школството и педагошката мисла проф. д-р Ристо Кантарџиев. Второто издание на книгата несомнено, ќе пополни, една празнина која се чувствуваше поради исцрпеноста на првото издание.